# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КУМАНОВО

| „Службен гласник на Општина Куманово“ Излегува по потреба – Издавач: Општина Куманово Тел. 423-505 Одговорен уредник: Сунај Мустафа | Година LXVI Број 3 Куманово 12 март 2021 г. | Претплата за 2021 година изнесува 2.000 денари. трезорска с-ка 100-0000000630-95 с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18 приходна шифра 725939 |
|---|---|---|


**152.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување во 2021 година на ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски“ – Куманово**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување во 2021 година на ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски“ - Куманово, Бр. 09-1951/5, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 10 март 2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-2243/1
11 март 2021 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**153.**

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3, став 2 и став 11 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 143/19 и 14/20) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 10 март 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување во 2021 година на ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски“ – Куманово**

Член 1

Се дава согласност на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување во 2021 година на ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски“ – Куманово.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето на „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 1951/5
10 март 2021 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

**154.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2021 година**

1. Се објавува Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2021 година, Бр. 09-1951/8, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 10 март 2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-2246/1
11 март 2021 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**155.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 34 од Законот за буџети(Службен весник на РМбр.64/2005,4/2008,103/2008,159/2009,95/2010,180/2011,171/2012,192/2015 и 167/2016), Советот на општина Куманово на 53-тата седница одржана на 10.03.2021година донесе

**О Д Л У К А**
За проширување на средствата на Буџетот на Општина **Куманово**
За **2021** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општинa Куманово за 2021 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потаставки : | | | | | |
| **А00** | **СОВЕТ НА ОПшТИНА** | | | | |
| 723119 | Други помошни активности во образованието | 1.118.000 | 0 | 0 | 0 |
| 742119 | Други општи и тековни донации | 0 | 0 | 224.000 | 0 |
| | | **1.118.000** | **0** | **224.000** | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потаставки : | | | | | |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 425990 | Други договорни услуги | 1.118.000 | 0 | 0 | 0 |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 0 | 224.000 | 0 |
| | | **1.118.000** | **0** | **224.000** | **0** |

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на Општина Куманово и станува составен дел на Буџетот на општината за 2021 година.

Бр. 09-1951/8
10 март 2021 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

**156.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Куманово за 2020 година**

1. Се објавува Завршната сметка на Буџетот на Општина Куманово за 2020 година, Бр. 09-1951/6, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 10 март 2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-2244/1
11 март 2021 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**157.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр.5/2002), член 33, став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007,156/2009,47/2011,192/2015,209/2018) и Службен весник на РСМ бр. 244/2019 и член 25 ,став 1, точка 4 од Статутот на Општината Куманово ( Службен гласник на Општината Куманово бр.13/03,13/07,08/15 и 11/19), Советот на Општината Куманово на 53 седница одржана на ден 10 март 2021 година, донесе

## ЗАВРШНА СМЕТКА
## НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КУМАНОВО
## ЗА 2020 ГОДИНА

**Член 1**

Завршната сметка на Буџетот на Општина Куманово за 2020 година се состои од:

| | БУЏЕТ | ЗАВРШНА СМЕТКА |
|---|---|---|
| **I ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **1.817.188.995 денари** | **1.748.689.687 денари** |
| Даночни приходи | 409.195.230 | 444.738.336 |
| Неданочни приходи | 64.759.171 | 49.433.680 |
| Капитални приходи | 38.500.000 | 19.507.393 |
| Приходи од трансфер | 142.478.468 | 120.613.683 |
| Приходи од дотации | 1.082.395.741 | 1.075.190.468 |
| Приходиод донации | 79.860.385 | 39.206.127 |
| **II ВКУПНИ РАСХОДИ** | **1.878.379.059 денари** | **1.626.547.950 денари** |
| Утврдени намени | 1.869.189.059 | 1.618.926.537 |
| Резерви | 9.190.000 | 7.621.413 |
| **III ДЕФИЦИТ/СУФИЦИТ** | **-61.190.064 денари** | **122.141.737 денари** |
| **IV ФИНАНСИРАЊЕ** | **61.190.064** | **0** |

| | | |
|---|---|---|
| **ПРИЛИВИ** | 61.190.064 | 0 |
| Домашни приливи | 0 | 0 |
| Приливи од странство | 0 | 0 |
| Други приливи-Депозити | 61.190.064 | 0 |

| | | |
|---|---|---|
| **ОДЛИВИ** | 0 | 0 |
| Отплата на главница | 0 | 0 |

**Член 2**

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на основниот буџет во износ од 109.148.255 денари се пренесува како прилив на средства од претходната година на основниот буџет на општина Куманово за 2021 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на дотации во износ од 61.952.813 денари се пренесува како прилив на средства од претходната година на буџетот на дотации на општина Куманово за 2021 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на самофинансирачки активности во износ од 8.609.509 денари се пренесува како прилив на средства од претходната година на буџетот на самофинансирачки активности на општина Куманово за 2021 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на донации во износ од 28.432.134 денари се пренесува како прилив на средства од претходната година на буџетот на донации на општина Куманово за 2021 година.

**Член 3**

Планираните и остварените приходи и приливи по извори и видови ,односно планираните и извршените расходи и одливи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи на Завршната сметка на Буџетот на Општина Куманово за 2020 година и тоа: